**20161774003**

## КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

Врз основа на член 203 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16) и согласно член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/08 и 85/09), Министерството за внатрешни работи и Македонскиот полициски синдикат, склучија

## КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 69/15 и 227/15) во член 93 во став (1) зборот „осум“ се заменува со зборот „седум“ и алинејата 1 се брише.

Член 2

Во членот 94 став (1) „КАТЕГОРИЈАТА А-државен секретар“ и табелата се бришат.

Член 3

Овој колективен договор се регистрира во министерството надлежно за работите во областа на трудот, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 4

Овој Колективен договор влегува во сила со денот на склучувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0402-429
2 септември 2016 година
Скопје

Македонски
Полициски синдикат
Претседател,
**Тихомир Климоски,** с.р.

Бр. 13.1-53766/1
31 август 2016 година
Скопје

Министерство
за внатрешени работи
Министер,
м-р **Митко Чавков,** с.р.